Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) преку програмата „ Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓанските организации “ објави **повик за доделување на грантови** .




Целта на овој повик е да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за транспарентно и отчетно работење. Право да се пријават имаат организациите кои се регистрирани согласно законот за здруженија и фондации и ги исполнуваат критериумите во Упатството за аплицирање .

**Висината на грантовите** се движи од 5.000 евра (307,500 МКД) до 7.500 евра (461,250 МКД). Организациите кои ќе поднесат предлог проект треба **да обезбедат кофинансирање** .

За повеќе информации погледнете го јавниот повик за доделување грантови. **Рокот за поднесување на апликации е 15 мај 2018 г. до 17 часот.**

Програмата ја имплементира МЦМС во соработка со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество ( БЦСДН ) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија ( ЦНВОС ). Програмата е финансирана од Европската Унија.